# Извадок на дел дневните настани 04.12.2022

На 03.12.2022 во 17.00 часот на ул.„Индира Ганди“ во Скопје, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари ги лишиле од слобода М.К.(20) и Д.К.(19), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека во периодот од 11.00 часот на 02.12.2022 до 09.00 часот на 03.12.2022 извршиле „тешка кражба“ во куќа на ул.„Нов живот“, сопственост на С.К., при што одзеле алати и градежни материјали. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицата биле задржани во полициска станица и со нив бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

По преземени мерки и активности, на 03.12.2022 во 15.40 часот полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Д.Н.(18) од Кочани, поради основи на сомнение дека од кругот на болницата во Кочани одзел возило на Итната медицинска помош Кочани. Како што веќе информиравме, по преземени мерки и активности, возилото било пронајдено во 08.30 часот на ул.„Кирил и Методиј“ во Кочани и било вратено на Итната медицинска помош. Исто така, по преземени оперативно - тактички мерки расчистени се и кривични дела „тешка кражба“ на компјутер и „одземање моторно возило“ „опел корса“, извршени претходно. Во службен разговор во полициска станица Д.Н. ги признал делата, а одземените компјутер и возило „опел корса“ биле пронајдени и вратени на сопствениците. По целосно документирање на случаите против него ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.

На 03.12.2022 полициски службеници од СВР Скопје - Единица за недозволена трговија, Единица за интервентна полиција, Оперативен тим за Потраги и Одделот за специјални полициски операции извршија акциска контрола во угостителски објекти на подрачјето на с.Арачиново, скопско, при што лишен од слобода А.Д.(40), вработен во еден од локалите. Кај него бил пронајден пиштол "ТТ" и рамка со осум куршуми. Тој е приведен во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава по чл. 396 од Кривичниот законик. Инаку, во рамки на акциската контрола бил извршен преглед на 54 лица затекнати во угостителските објекти и 11 возила.

Денеска (04.12.2022) во 02.35 часот во угостителски објект на Градското шеталиште во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Е.А.(35) и С.Р.(47), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 22.40 часот на наплатната станица Сопот на автопатот Скопје – Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода В.Ј.(39) и М.Т.(40), двајцата од Гевгелија и Д.П.(35) од Богданци. При преглед кај нив и во патничко возило „фолксваген бора“ со велешки регистарски ознаки, кое го управувал Д.П., а сопатници биле другите две лица, кај В.Ј. била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (04.12.2022) во 02.15 во угостителски објект на ул.„Партизанска“ во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Д.Т.(25) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 22.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 20.00 часот на ул.„Букурешка“ во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.Г.(22) и М.Н.(21), двајцата од Скопје, затоа кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.12.2022 во 02.30 часот на бул.„8 Септември“, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.К.(26) и З.З.(26), двајцата од Скопје, затоа што во нивна близина била пронајдена и одземена бела прашкаста материја која претходно ја фрлиле. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 21.00 часот на ул.„Гоце Делчев“ во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода А.Д.(21) од Гостивар, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (03.12.2022) продолжи со засилените контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 190 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 68 санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за нерегистрирани возила. Изречени се 21 мерка за управување под дејство на алкохол, седум санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 03.12.2022 во 20.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благоја Стефковски“ во Скопје, патничко возило „фиат“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.П.(38) од Скопје, удрило во пешакот И.В.(51) од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза“. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 03.12.2022 во 21.15 часот во СВР Велес, М.И.(51) од с.Горно Оризари, велешко, пријавила дека во село Горно Оризари била касната од куче скитник.

На 03.12.2022 во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Борис Трајковски“ во Скопје, патничко возило „форд фокус“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.С.(54) од Скопје, удрило во пешакот Р.С.(29) од Скопје. Во несреќата, Р.С. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза“. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.12.2022 во 01.00 часот , полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Љ.П.(29) од Куманово. Тој бил осуден на седум години казна затвор за сторено кривично дело „разбојништво“ по член 237 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница за доиздржување казна затвор од две години и три месеци. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор К'шање за доиздржување на казната.

Денеска (04.12.2022), во периодот од 04.00 до 08.00 часот, на подрачјето на СВР Скопје, СВР Куманово, СВР Тетово, СВР Охрид, СВР Велес, СВР Битола и СВР Штип била спроведена акциска контрола на подрачјата и локациите каде се врши лов. При контролата, на подрачјето на СВР Штип полициските службеници од М.С.(47) од Штип одзеле ловечка пушка „Бровинг“ калибар 30-06, затоа што бројот на пушката не се совпаѓа со бројот на дозволата. Исто така, на подрачјето на СВР Скопје бил констатиран еден прекршок по член 104 од Законот за шуми, односно едно лице превезувало дрва маса без потребните документи. При контролата биле констатирани и прекршоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 03.12.2022 во 12.05 часот во СВР Битола, било пријавено дека во с.Крклино, битолско, била пронајдена неексплодирана артилериска граната калибар 105мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола, а увид извршила екипа од СВР Битола.

На 03/04.12.2022, при преземени мерки во сообраќајот, полициските службеници во Охрид затекнале четири возачи кои управувале возило под дејство на алкохол. Тие се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози. Во Струга, полициските службеници затекнале и санкционирале 26 возачи на моторни возила кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената. (6 надвор од населено место, 20 во населено место).

На 03.12.2022 во 23.20 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода Ј.К.(22) од Неготино, затоа што околу 23.00 часот пред спортска обложувалница на ул.„Ацо Аџи Илов“, по кратка расправија, со остар предмет му нанел повреди на М.Ч.(24) од Неготино. Остриот предмет бил пронајден, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. Во текот на месец јануари 2022 пријавениот неовластено поседувал и носел со себе пиштол марка ,,застава“ модел 70, калибар 7,65 мм и една рамка со шест куршуми и две испукани чаури. Од страна на полициски службеници на 25.06.2022 на ул.„Скупи“, при извршен преглед бил пронајден пиштолот кој недозволено го носел со себе.

На 03.12.2022 во 16.30 часот во Берово, полициски службеници од Полициската станица Берово го лишиле од слобода С.Ш.(78) од Берово, затоа што физички ја нападнал својата сопруга. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2022 во 08.15 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода С.К.(24) од Неготино. Околу 03.00 часот во угостителски објект во Неготино тој најпрво му се заканил на А.М.(22) од Неготино, а во 03.30 часот на крстосница од ул.„Киро Крстев“ со ул.„Фемо Кулаков“ го оштетил неговото возило. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Д.(25) од Куманово пријавил дека околу 03.00 часот во угостителски објект на бул.„Св.Климент Охридски“ бил нападнат со тврд предмет од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул.„11 Октомври“ бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.П.(29) од с.Ранковце, кривопаланечко и Т.Д.(51) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 16.15 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Џ.(51) и А.Џ.(23) од с.Палатица, затоа што претходно се заканиле на нивниот 19-годишен син и брат и со тврд предмет го оштетиле возилото кое го управувал, при што ја загрозиле и безбедноста во сообраќајот. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 11.40 часот, полициски службеници од Полициското одделение Галате го лишиле од слобода Е.А.(30) од гостиварско село, затоа што агресивно се однесувал во домот и се заканувал на неговата мајка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.12.2022 во 00.40 часот во СВР Скопје, 35-годишна жена од Скопје пријавила дека била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер О.Ц.(44) од с.Ржаничино, скопско. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против И.Е.(61) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 01.09.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле ловечка пушка „ТОЗ-63“ калибар 16 со две скратени цевки и 18 патрони.

На 03.12.2022 во 22.20 часот во ОВР Кавадарци, Р.П.(27) од Кавадарци пријавил дека околу 21.40 часот во казино на ул.„Дисанска“ бил физички нападнат од Б.М. од Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 14.20 часот во СВР Тетово, З.М.(43) од с.Пршовце, тетовско, пријавил дека во објект на ул.„120“ во Тетово бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 21.15 часот во СВР Струмица, Џ.Р.(19) од с.Баница, струмичко, пријавил дека околу 18.00 часот во селото бил физички нападнат од Џ.С. од с.Баница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 23.45 часот во Полициското одделение Чашка, А.Ѓ.(24) од Чашка пријавил дека, по претходна расправија, во 23.35 часот во Чашка бил физички нападнат од Д.А. од нас.Чашка. Се работи на расчистување на случајот.

Денеска (04.12.2022) во 05.10 часот во ОВР Кавадарци, М.Ј.(23) од Кавадарци пријавил дека околу 03.30 часот во казино во Кавадарци бил физички нападнат од Г.Н. од Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.12.2022 во 00.50 часот во СВР Куманово, Љ.Л.(47) од Куманово пријавил дека на 03.12.2022 околу 20.00 часот, во близина на домот, неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 20.45 часот во СВР Велес, А.С.(78) од Скопје пријавила дека на ул. „Јордан Џурнов“ таа и нејзиниот сопруг М.Д. биле физички нападнати од двајца малолетници, поради нерасчистени должничко – доверителски односи. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во објект во изградба на ул.„Орце Николов“ во Скопје бил пронајден починат В.Љ.(40) од нас.Илинден – Скопје, вработен во градежна фирма од Скопје. Смрт констатирал екипа од Итна медицинска помош, а увид извршила екипа од СВР Скопје и Трудов инспектор. По наредба на Јавен обвинител, на телото на починатиот била извршена обдукција, по што било предадено на семејството за погреб.

ОПКМСР Куманово поднесе кривична пријава против Л.Б.(26) од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа“. На 26.11.2022 на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, пријавениот дал на увид грчка лична карта на име на Р.А. од Грција, за која по извршеното вештачење констатирано било дека е фалсификат.

На 03.12.2022 во 17.15 часот во СВР Битола, Б.Ј.(21) од Битола пријавил дека околу 16.00 часот во угостителски објект во Битола бил физички нападнат од Л.Г. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 18.50 часот во Полициската станица Центар, малолетник с.Стајковци, скопско, пријавил дека во Градски парк три лица со закана му одзеле паричник и личен предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 22.30 часот во СВР Куманово, Д.К.(45) од Берово пријавил дека во 18.30 часот во угостителски објект во Куманово, тој и А.Г. биле физички нападнати од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 околу 03.00 часот во Полициската станица Неготино, М.К.(37) од Неготино пријавил дека пред угостителски објект во Неготино, тој и В.П. од Неготино биле физички нападнати од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 20.20 часот во Полициската станица Карпош, Р.Х.(41) од с.Рашче, скопско, пријавил дека околу 20.00 часот во Градски парк едно лице со закана му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Р.(20) и Б.Р.(49), двајцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторени кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“ и „помагање при вршење неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 24.04.2022, полициски службеници го затекнале првопријавениот при обид да продаде марихуана на друго лице. Додека, на 25.04.2022, при претрес во домот на пријавените, била пронајдена и одземена марихуана.

На 03.12.2022 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Орман, скопско, во близина на реката Лепенец, на место викано „Лески“, било пронајдено тело на починато лице. Полициски службеници извршиле увид, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

На 03.12.2022 околу 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Тале Христов“ едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет